# совет за етика во медиумите на македонија

08.03.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на граѓанската асоцијација МОСТ и извршниот директор на асоцијацијата, Дарко Алексов, за прилогот со наслов “Владо Чинговски од СДСМ признава дека сите набљудувачи од МОСТ се од СДСМ”, објавен на 01.02.2016 година, во вестите во 16 и 19 часот на Сител телевизија**

**Ж А Л Б А Т А  Е  О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 14.

Член 1.

*“Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.”*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Член 14.

*"Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди продесионална дистанца од политичките субјекти."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 11.02.2016 година, граѓанската асоцијација МОСТ и извршниот директор на асоцијацијата, Дарко Алексов, поднесоа жалба за прилогот со наслов "Владо Чинговски од СДСМ признава дека сите набљудувачи од МОСТ се од СДСМ", објавен на 01.02.2016 година, во вестите во 16 и 19 часот на Сител телевизија.

Во жалбата се наведува дека во прилогот известувањето е неточно, нефер, и дека извршена е клевета.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија Сител, со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. И покрај тоа што главниот и одговорен уредник на Сител телевизија, Драган Павловиќ Латас испрати допис во кој се вели дека ќе пратат одговор, од Сител не достави официјален одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на прилогот е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 24.02.2016 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителите граѓанската асоцијација МОСТ и извршниот директор Дарко Алексов и направи увид во наведениот прилог.

***

Комисијата за жалби најде дека во прилогот со наслов "Владо Чинговски од СДСМ признава дека сите набљудувачи од МОСТ се од СДСМ", објавен на 01.02.2016 година, во вестите во 16

и 19 часот на Сител телевизија, прекршен е членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, според кој проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството и затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати од новинарскиот производ да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Исто така, Комисијата најде дека е прекршен и член 14, според кој известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Филип Ѓурчиновски, Гоце Герасимовски, Сефер Тахири, Беким Ајдини и Теофил Блажевски.

**Се обврзува телевизија Сител, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски